# ПРИЛОЗИ

Н. ЧИНГО

## ПАРИСКАТА КОМУНА И ЛЕНИН

Парискаta комуна, како израз на спонтаната револуционерна борба на пролетаријатот и како сознание на К. Маркс и Ф. Енгелс, одигра мошне значајна улога во идејно-политичката, теоретската и револуционерната дејност на В. И. Ленин. Оформувајќи се како марксист врз теоретското наследство на К. Маркс и Ф. Енгелс и развивајќи ја понатаму марксистичката мисла, Ленин ѝ придаваше големо значење на револуционерната пракса како вистински критериум за проверување и дополнување на теоретските поставки и за одредување на правците на политичкото дејствување. Самата револуционерна борба на рускиот пролетаријат го упатуваше, всушност, кон сè поголема анализа на искуството од Парискаta комуна и сè поголема примена на тоа искуство во развојот на револуционерната пракса.

Искуството од Парискаta комуна беше присутно во Лениновата теоретска и револуционерна дејност од најраниот период на неговиот необично богат животен пат. Марксистичкиот поглед на светот тој го оформуваше уште во ученичките и студентските клупи. Меѓутоа, позабележителна дејност како марксист и револуционер пројави во 90-те години на XIX век во борбата против идејно-политичките и теоретските погледи на руското народништво. Народништвото како израз на интересите на либералната буржоазија во 90-те години на XIX век ја имаше изгубено онаа револуционерна мисија од 70-те години. Народниците не сакаа да ги согледаат и признаат сите оние општествено-економски и политички реперкусии од развојот на новите капиталистички односи во Русија. На теоретско поле, за разлика од марксизмот, застапуваа идеалистички погледи за историскиот развој на општеството. Нивниот претставник, познатиот филозоф Михајловски се обиде да ја покаже несостојателноста на марксистичката поставка за историјата како низа од епизоди на класната борба. При тоа, тој се послужи и со примерот на настаните од времето на Парискаta комуна. Материјалистичкиот поглед на марксистите Михајловски го напаѓаше, покрај другото, и поради тоа што тој

наводно не успеал „да ги расчисти сметките“ со националното самољубие и омраза. Како пример за „нерасчистените сметки“ го истакнуваше фактот дека Меѓународното работничко здружение (I интернационала), иако било создадено од Маркс со цел да ја обезбеди меѓународната солидарност на работниците, не ги спречило француските и германските работници да се „колат и уништуваат“ меѓу себе за време на Француско-пруската војна од 1870 година.

Ленин, веќе како оформен марксист, ја согледа сета штетност на народништвото за развојот на руското работничко и социјалистичко движење. Тој аргументирано покажа дека капитализмот во Русија зел широк замав и дека, како резултат на тоа, на историската сцена, паралелно со борбата против царското самодржавје, стапува и класната борба меѓу пролетаријатот и буржоазијата. Врз истиот пример што го наведуваше Михајловски, тој ја разоткри сета ненаучност и површност на идеологијата на народниците. Според него националното чувство не е сосема самостоен фактор одвоен од контекстот на класните спротивности. Во основата на националната нетрпеливост и омраза, лежат интересите на буржоазијата. Оттаму, против националната омраза нема поефикасна борба освен организирањето и обединувањето на класната борба на угнетените против угнетителите. Ленин, при тоа, потенцираше дека токму примерот на Париската комуна најочигледно го покажа вистинскиот однос меѓу пролетаријатот и буржоазијата. Париската комуна, всушност, била израз на тој класен конфликт независен од националните особености.[1])

Во тој почетен период, како се гледа, искуството од Париската комуна Ленин го користи само од аспектот на општите поставки на класната борба меѓу пролетаријатот и буржоазијата, од аспектот на поставката за класната борба како движечка сила на историскиот процес. Комуната ја истакнуваше како еден од типичните примери на непомирливоста на класните спротивности. Истовремено, тој ги правеше и првите изводи во поглед на националното прашање. Со примерот на Комуната ја докажуваше класната условеност на националното самољубие и на меѓународната солидарност. Меѓутоа, во тоа време националното прашање не претставуваше негова позначајна теоретска преокупација. Основно беше укажувањето на Комуната како израз на непомирливоста на класниот судир меѓу пролетаријатот и буржоазијата.

Паралелно со идејно-политичката и теоретската борба против народништвото, Лениновата револуционерна дејност беше насочена и кон надминувањето на праксата марксизмот во Русија да се пропагира во тесни кружоци. Беше потребно да се премине кон масовна политичка агитација. Се јави и потреба социјалдемократите од земјата да воспостават потесни контакти и соработка

---

[1]) В. И. Ленин, Соч., IV изд. т. 1, стр. 138.

со групата на Плеханов „Ослободување на трудот“. Затоа Ленин, како претставник на петроградските социјалдемократи, во 1895 година замина на Запад. Првото негово одење на Запад имаше, меѓутоа, пошироко цел и значење. Тој поодблиску се запозна со проблемите на западно-европското работничко движење. После тринеделниот престој во Швајцарија го посети и Париз каде се сретна со истакнатиот борец на француското и меѓународното работничко движење, зетот на К. Маркс, Пол Лафарг. Престојот во Париз беше од посебно значење за подетално проучување на Париската комуна. Своите дотогашни општи познавања за Комуната, тој ги надополнува со проучувањето на делото на Лефрансе „Студија за движењето на комунарите во Париз 1871“. Конспектите што ги направи читајќи го тоа дело, подоцна ќе му послужат во подеталната анализа на Париската комуна.[2])

Напорите за поврзување на сите руски социјалдемократски групи во единствена работничка партија доведоа Ленин во 1900 година повторно да ја напушта Русија и да замине на Запад. По договор со Плеханов почна да го издава весникот „Искра“. Разработувајќи го прашањето за платформата и организационата поставеност на РСДРП, преку „Искра“ разви упорна идеолошка борба против таканаречените „економисти“. „Економистите“ ја потценуваа улогата на социјалдемократијата како свесен и водечки фактор во класната борба на пролетаријатот. Тие застапуваа мислење дека идеологијата, всушност, се раѓа во спонтаниот развој на класната борба. Одговарајќи на „економистите“, Ленин ја разработи поставката за соодносот на спонтаноста и свесноста. Тој истакнуваше дека социјалистичката идеологија не се раѓа спонтано, туку се внесува во редовите на работничкото движење од страна на революционерната марксистичка партија. Истакнувајќи го, од друга страна, фактот дека без революционерна теорија не може да има революционерна партија, укажуваше на потребата од сублимирање на искуството на работничкото движење и искуството на Париската комуна за развојот на революционерната теорија.[3])

Престојувајќи во западноевропските земји, Ленин земаше учество и на одбележувањата и разните манифестации по повод Париската комуна. Така, кога како уредник на „Искра“ при крајот на 1902 година и почетокот на 1903 се најде во Лондон, каде подетално се запозна и се поврза со претставниците на англиското работничко и социјалистичко движење, на 18 март 1903 година зеде видно учество на митингот во Лондон посветен на Комуната. На митингот, на кој учествуваа и некои преживеани борци на Комуната меѓу кои особено забележително било учеството на

[2]) В. И. Ленин, Биография, изд. IV, Москва, 1970 год., стр. 43.

[3]) В. И. Ленин, Соч., IV изд. т. 5, стр. 344.

Луjза Мишел, Ленин настапи со говор во кој го истакна значењето на Комуната за класната борба на пролетаријатот.[4])

Искуството од Комуната Ленин во тоа време го користи и во врска со напорите за донесување на програма на РСДРП. Разработката на предлог-програмата му беше доверена нему и на Плеханов. Меѓутоа, во редовите на руската социјалдемократија не постоеја единствени становишта. Поставките за непомирливоста на класната борба, за социјалистичката револуција, за диктатурата на пролетаријатот, за сојуз меѓу пролетаријатот и селанството, за правото на нациите на самоопределување беа предмет на постојани полемики, разногласија и судири. Предмет на такви контраверзи стана особено националното прашање. Националното прашање беше посебно актуелно не само заради тоа што Русија беше многунационална земја туку уште повеќе заради шовинистичките становишта на полските и еврејските социјалдемократи. Ленин се спротивстави на таквите становишта истакнувајќи го, меѓу другото, и искуството од Париската комуна. Иако националното прашање сеуште не го имаше разработено од сите негови аспекти, укажувањето на примерот на Париската комуна е посебно значајно. Во поткрепа на марксистичката поставка за класната условеност на националното прашање, тој укажуваше на примерот на претворањето на буржоаската влада во Франција за време на Француско-пруската војна (1870/71) од влада на „националната одбрана" во влада на национално предавство. Нешто повеќе, владата на угнетената нација (Франција) ги повикува на помош војниците на угнетувачката нација (Прусите) во задушувањето на револуцијата на своите сонародници (работниците).[5])

Во текот на разработката на предлог-програмата и за време на нејзиното усвојување на II Конгрес на РСДРП (јули-август 1903 г.) настапи судир и разногласица меѓу Ленин и Плеханов. Судирот беше од суштинска природа и се однесуваше на повеќе кардинални прашања. Особено длабоки беа разликите во однос на прашањето за револуцијата и диктатурата на пролетаријатот, за водечката улога на пролетаријатот во демократската револуција, за односот меѓу селаните и работниците. Во своите настапи на II Конгрес, Ленин, покрај другото, го потенцираше и прашањето за соодносот на пролетаријатот со другите социјални слоеви, посебно со селанството. Тој ја истакнуваше класната условеност на авангардната улога на пролетаријатот во демократската револуција. Разработувајќи го прашњето за можностите и условите на соработка меѓу пролетаријатот и селанството, повторно упатуваше на примерот од Париската комуна. Наведувајќи ги оценките на К. Маркс, тој истакнуваше дека делото на Комуната било исто

---

[4]) В. И. Ленин, Биография, изд. IV, Москва 1970 година, стр. 101

[5]) В. И. Ленин, соч., IV изд., т. 6, стр. 419.

така, дело на селанството.[6]) Иако не влегуваше во подлабока анализа на соодносот меѓу Комуната и селанството, тоа негово укажување беше значајно и претставуваше сублимиран израз на неговите анализи на руската стварност.

До каде Ленин стигнал во проучувањето на Парискала комуна најдобро може да се види од конспектите за прочитаната литература и предавањата што ги држел во текот на 1904 и 1905 година. Од „Трите конспекти на предавањето за Парискала комуна"[7]) што му послужиле за предавањето што го држел во Женева на 22 март 1904 година, како и од „планот на лектирата за Парискала комуна"[8]) кој претставувал конспект за предавањето што го одржал исто така во Женева на 18 март 1905 година, може да се види дека неговиот интерес за Парискала комуна значително се проширил. Од нив се гледа дека тој читал веќе поширока литература: П. О. Лисагаре, „Историја на Парискала комуна", Ж. Веил, „Историја на социјалното движење во Франција 1852 година". Покрај нив, го користел и делото на Габриел Аното „Историјата на современа Франција 1871—1900 г."[9]) Сите тие дела Ленин ги користел повеќе во поглед на прегледот на настаните и податоците, особено во поглед на податоците за бројот на жртвите што ги дале париските работници. Со особено внимание тој го читал и Марксовото дело „Граѓанска војна во Франција". Марксовите погледи и оценки на Комуната одиграа значајна улога во неговата анализа и поглед кон Комуната.

Во конспектите Ленин го истакнуваше завојувачкиот и династичкиот карактер на Француско-пруската војна. Новата влада создадена по паѓањето на Наполеон III ја оценуваше како влада на националното предавство, како влада на буржоазијата која ги издала интересите на францускиот народ. Наспроти тоа, Комуната ја оценуваше како „република + самоуправување", како „диктатура на пролетаријатот", како „знаме на светската република". Мерките на Комуната ги групира во две групи: а) политички слободи (одвојување на црквата од државата, укинување на сталната војска, уништување на бирократизмот, рамноправност на странците, самоуправа на општините, изборност и сменливост на службениците, плати не поголеми од 6.000 франци); б) економски реформи (забрана на ноќната работа за пекарите, одлагање на долговите, предавање во рацете на работниците оние фабрики чии сопственици ја напуштиле работата итн.). Паралелно со успесите, тој ги наведува и неуспесите на Комуната: непреземањето на банката, нетргнувањето веднаш против Версај, недоволната орга-

---

[6]) Исто, стр. 444.

[7]) V. I. Lenjin, Izabrana dela, Beograd, 1960, t. 4, str. 131.

[8]) В. И. Ленин, Соч., IV изд., т. 8, стр. 180.

[9]) V. I. Lenjin, Izabrana dela, Beograd, 1960, t. 4, str. 395.

низираност и недоволната свесност. Во еден од конспектите Ленин посебно одбележуваше: „**Комуната се обрнува** кон селаните".[10])

Потемелните проучувања на Парискатa комуна Ленин ги правеше во условите на жестоката борба меѓу болшевиците и меншевиците во периодот по II Конгрес на РСДРП. Меншевиците застапуваа мислење дека во Русија не постоела блиска перспектива за освојување на власта од страна на пролетаријатот. Според нив, дури и кога би постоеле такви услови не би требало да се оди на освојување на власта. Пролетаријатот претставувал малцинство на нацијата и преземањето на власта би значело нарушување на демократијата. Во основата на тие становишта лежеше, всушност, поставката за класната соработка меѓу пролетаријатот и буржоазијата, неверувањето во раководната улога на пролетаријатот во демократската револуција, откажувањето од социјалистичката револуција и диктатура на пролетаријатот.

Оценувајќи ги меншевичките концепции како отстапувања од марксизмот, Ленин ја истакнуваше поставката за непомирливоста на класниот судир меѓу пролетаријатот и буржоазијата. На примерот на Париската комуна тој докажуваше дека буржоазијата, без оглед на моменталните меѓусебни судири, како класа била мошне солидарна и единствена кога се работело за борбата со нејзиниот класен непријател — пролетаријатот. Со примерот од крвавата мајска недела од 1871 година укажуваше на одлучноста и свирепоста на буржоазијата во класниот судир со пролетаријатот.

Во судирот со меншевиците Ленин застапуваше мислење дека пролетаријатот по својата објективна положба претставува авангардна класна сила во борбата против царското самодржавје. Под водството на добро организираната револуционерна партија, пролетаријатот истовремено тежи кон претворање на демократската револуција во социјалистичка. Укажувајќи на недоволната организираност, колебливост и стихијност како на една од сериозните грешки на Комуната, Ленин, всушност, го одразуваше настојувањето на болшевиците да изградат солидна, цврста и револуционерна партија како водечка и свесно насочувачка сила во руското работничко движење.

Ленин беше наполно свесен дека пролетаријатот не може да ја изведе демократската и социјалистичката револуција без соработка со другите општествени сили во Русија, особено без сојуз со огромната маса на сиромашните селани. Не случајно тој во своите конспекти посебно го потенцира становиштето дека делото на Комуната било истовремено и дело на селаните. Тоа беше, всушност, израз на неговите согледувања на единството на интересите меѓу пролетаријатот и сиромашното селанство.

Логичниот резултат на класната борба на пролетаријатот според него е диктатура на пролетаријатот. Меѓутоа, во тоа време

---

[10]) Исто, стр. 138.

сè уште не го имаше разработено прашањето како ќе изгледа диктатурата на пролетаријатот и низ какви облици таа ќе се остварува. Неговата мисла стигнуваше само до истакнувањето на неминовноста од диктатурата на пролетаријатот и неминовноста од воспоставување на демократска република како противтежа на царското самодржавје. Навистина, Комуната тој ја сфаќаше како „диктатура на пролетаријатот“, како „република + самоуправување“, истакнуваше дека таа го уништила бирократизмот со заведувањето на изборноста и сменливоста на сите службеници. Меѓутоа, сè уште неа не ја согледуваше од аспектот на политичката организација на идното социјалистичко општествено уредување. Ограниченоста на неговите погледи по прашањето на Комуната како нов тип држава, всушност, беше условена од достигнатиот степен на револуционерната пракса во Русија.

Кон искуството на Комуната Ленин се обраќа и во време на револуцијата од 1905 година. Оценувајќи дека стапувањето на масите на политичка сцена и вооружениот судир претставуваат нов квалитет во руското работничко движење, своето внимание по настаните од 9 јануари 1905 година тој го насочи кон разработка на прашањето за улогата на вооруженото востание во револуцијата. Според кажувањата на Надежда Крупска, не само што го проучил сè она што Маркс и Енгелс го напишале за тоа прашање туку прочитал и доста книги од областа на воената вештина и техника.[11]) Прашањето за востанието и вооружената борба претставуваше, всушност, еден од важните пунктови на несогласувањата со меншевиците. Меншевиците не ја прифаќаа тактиката на востанието. Тие беа ориентирани кон соработка со буржоазијата и остварувањето на социјализмот по пат на постепени реформи. Наспроти меншевиците, Ленин вооруженото востание го прифати како тактика во специфичните руски прилики. Меѓутоа, востанието тој не го сфаќаше како завера или државен преврат туку како огромно надигање на револуционерната енергија на пролетаријатот и масите. Задачите на Партијата не ги сфаќаше како испраќање на тајни емисари што ќе го подбуцнуваат народот на востание туку како секојдневна политичка и идејна дејност меѓу масите.

Таквата револуционерна пракса го упати Ленина, покрај другото, и на користење на искуството од Париската комуна. Настојувајќи тоа искуство да го доближи до руското работничко и социјалдемократско движење, ги напечати во весникот „Вперјод“ мемоарите на генералот на Комуната Клизере под наслов „За уличната борба“. Запознавајќи ги руските читатели со животниот пат на Клизере, тој истакнуваше дека мемоарите претставуваат резултат од учество на генералот не само во востаничките борби во Париз, туку и во други слични револуционерни борби. Опитот од

---

[11]) N. K. Krupska, Uspomene o Lenjinu, „Rad", Beograd, 1960, str. 105.

борбите на барикадите, што беше воопштен во мемоарите, го препорачуваше како пример за извлекување заклучоци што ќе одговараат на руските услови.[12])

Настаните од 9 јануари 1905 година го актуелизираа прашањето за свикување уставотворно собрание кое би го утврдило демократското уредување на политичкиот систем во Русија. Меѓутоа, секоја политичка сила прашањето за уставотворното собрание го поставуваше од аспектот на своите интереси. Болшевиците беа насочени кон урнување на царскиот режим и кон создавање привремена револуционерна влада која ќе обезбеди свикување на сенародно уставотворно собрание. Таа задача, според нив, можела да биде остварена само преку општонародно вооружено востание. Урнувањето на царскиот режим и воспоставувањето на република тие го сметаа како остварување на минимум-програмата на РСДРП. Тоа би создавало претпоставка за остварување на максимум програмата, т.е. претворање на буржоаско-демократската револуција во социјалистичка и преземање на власта од страна на пролетаријатот.

Меншевиците, од своја страна, во новонастанатите услови застапуваа мислење дека „одлучна победа" над царизмот може да биде обезбедена или со создавање на привремена влада која би произлегла од „победоносно народно востание" или со „револуционерната иницијатива на ова или она претставничко тело". Тие се изјаснија за „освојување на власта и за учество во привремената влада". Паралелно со тоа ја истакнува и „. . . целисходноста од делумно, епизодно земање на власта и создавање на револуционерни комуни во овој или оној град, во оваа или онаа област, исклучиво во интерес на помагањето на ширењето на востанието и дезорганизирањето на владата".[13])

Ленин истапи доста остро против погледите на меншевиците кои беа доста фразерски, површни и немарксистички. Тој истакнуваше дека меншевиците мешаат две основни задачи кои сами за себе претставуваат нешто суштествено различно: „освојување на власта" — „учество во владата". Според него меншевиците не можеле да сфатат дека нивната парола за „победоносно народно востание" која, всушност, значи победа на револуцијата на дело, е во колизија со поставката за соборување на царската власт со одлука на „ова или она претставничко тело", кое значело победа на револуцијата само на зборови. Нивната поставка за „револуционерни комуни" ја оцени како празна фраза, како детско ѕвецалче со кое го прикриваат својот опортунизам и ги залажуваат работниците. Таа фраза, според него, го замаглувала прашањето за конкретните и долгорочните интереси на пролетаријатот. Истакнуваше дека зборот „комуна" не давал никаков одговор

---

[12]) В. И. Ленин, Биография. Москва, 1970 год., стр. 127.
[13]) В. И. Ленин, Соч., IV изд., т. 3, стр. 60.

за конкретната ситуација, а само ги полнел главите со некакво далечно ехо. Плашејќи се од компромитирање на Комуната како таква, тој додаваше: „До колку ни е мила, да речеме, Парискатa комуна од 1871 год. дотолку ни е помалку дозволено да се извлекуваме повикувајќи се на неа без анализа на нејзините грешки и специфични услови".[14]) При тоа, Ленин укажуваше дека Енгелс ги исмејувал бланкистите кои се клањале на секој акт на Комуната и додаваше дека меншевиците доколку би биле запрашани да објаснат што е тоа „револуционерна комуна", би можеле да одговорат само тоа дека во историјата под тоа име постоела работничка влада која тогаш не знаела и не можела да ги разликува елементите на демократскиот од социјалистичкиот преврат, која ги бркала задачите на борбата за република со задачите на борбата за социјализам, која не можела да ја реши задачата на енергична воена офанзива против Версај, која по погрешка не ја зела во свои раце француската банка итн.[15])

Како се гледа, Ленин го истакнуваше вооруженото востание како тактика во борбата против царизмот, укажуваше на неминовноста од урнувањето на царската власт и создавање привремена влада, но не се служеше со знамето на Комуната без да води сметка за конкретните услови. Сметаше дека револуцијата од 1905 г. во својот карактер е буржоаско-демократска и се залагаше за јасно разликување на демократската од социјалистичката револуција. Тој не беше за затрчување пред праксата и за повторување на грешките на Парискатa комуна. Според него револуционерната пракса во тоа време во Русија не го поставувала прашањето за непосредно преземање на власта од страна на пролетаријатот.

Искуството од Парискатa комуна во таа етапа од развојот на руското работничко движење, всушност, Ленин го користеше од аспектот на грешките што париските комунари ги направија. Настојувајќи руските работници да бидат наполно свесни за целите, задачите и можностите на својата класна борба, во „Пролетариј" во јули 1905 година пишуваше: „Ние сме должни да не го извитоперуваме зборот „комуна" на големите борци од 1871 година, да не ја повторуваме слепо секоја нивна парола, и јасно да ги разликуваме програмските и практичните пароли, кои одговараат на дадените услови во Русија и кои се формулирани во зборовите: револуционерна демократска диктатура на пролетаријатот и селанството".[16])

Револуцијата што отпочна на 9 јануари 1905 година зафаќаше сè поголеми размери. Штракјовите на работниците, бунтовите на морнарите, востанијата на селаните станаа скоро секојдневна практика. Особен замав таа зеде во есента истата година.

---

[14]) Исто, стр. 62.
[15]) Исто, стр. 63.
[16]) В. И. Ленин, Соч., IV изд., т. 9, стр. 120.

Во текот на револуционерните настани како резултат на спонтаната борба на работниците, во Русија се појавија совети на работничките депутати. Појавата на советите ги изненади сите политички партии во Русија. Секоја од нив ги третираше и им приоѓаше тргнувајќи од својата политика и интереси. Меѓутоа, ни една не успеа до крај да ја сфати нивната класно-социјална суштина, политичка улога и значење. Дури и самите болшевици во почетокот беа збунети и не знаеја како да се постават кон тие самоникнати работнички тела.

Појавата на советите побуди огромен интерес кај Ленин. Анализирајќи ја нивната суштина и значење, тој ги сфати и прифати како раководни органи на штрајкачката борба и како органи во револуционерната борба на пролетаријатот. Нешто повеќе, Петроградскиот совет го оценуваше како зародиш на привремена революционерна влада. Истакнуваше дека тој треба да се прогласи за привремена револуционерна влада, или да создаде влада. Меѓутоа, основната политика на болшевиците беше насочена кон подготовки за вооружено востание. Револуционерна влада според Ленин, може да се оствари всушност само како резултат на востанието. Но востанието што изби во декември 1905 година заврши без успех. Тоа им даде повод на меншевиците и Плеханов да развијат кампања против болшевиците. Плеханов истакнуваше дека работниците не требало да се фаќаат за оружје. Своите ставови тој ги поткрепуваше со примерот на Маркса од 1870 година кога тој на париските работници им говорел дека кревањето на востание би било безумие.

Бранејќи ја поставката за вооружено востание Ленин повторно се обрна кон Комуната. На меншевичките напади тој одговори наведувајќи го при тоа токму примерот на Маркс за време на Париската комуна. Признаваше дека Маркс навистина во септември 1870 година сметал дека востанието би било безумие, но додаваше дека кога во март 1871 година востанието и масовното движење станале факт, Маркс го поздравил и истакнал дека париските работници покажале херојство какво историјата не памети. Маркс ги критикувал грешките на париските комунари, но истовремено нивното дело го оценил како „јуриш на небо“ и им препорачувал веднаш да тргнат против Версај.[17])

Од изложеното може да се види дека советите од 1905 година Ленин не ги доведе во врска со Париската комуна. Всушност, тој не ја сфати до крај суштината на советите како нов тип држава. Неговата ориентација кон демократска револуција и кон вооружено востание го засенија сфаќањето за значењето и улогата на советите. Искуството на Комуната и во новонастанатите услови го користеше само од аспектот на револуцијата и вооруженото востание.

---

[17]) В. И. Ленин, Соч., IV изд., т. 12, стр. 88—91.

По неуспехот на револуцијата од 1905 година Ленин ја напушти Русија и пак оди на Запад. На 18 март 1908 година во Женева, како претставник на РСДРП зеде учество на интернационалниот митинг посветен на трите годишнини: 25-годишнината од смртта на К. Маркс, 60-годишнината од револуцијата од 1848 година и денот на Париската комуна. Во говорот што го одржа на митингот, истакна дека востанатиот париски пролетаријат во 1871 година зел на себе да реши две задачи: општонационална (ослободување на Франција од Прусите) и класна (социјално ослободување на работниците од капиталистите). Во таа смисла тој заклучуваше: „Во таквото соединување на двете задачи е оригиналниот белег на Комуната".[18] За општонационалната задача парискиот пролетаријат морал да се бори под знамето на буржоаската влада за „националната одбрана". Но таа се покажала, всушност, како влада на националното предавство. Уплашена од пролетаријатот ги издала француските интереси на Прусите. Ленин додаваше дека „... пролетаријатот, заслепен од националните илузии, не можел тоа да го согледа".[19] Според него патриотскиот идол имал длабоки корени и водел потекло уште од револуцијата од 1789 година. Мешањето на двете задачи — патриотизмот и социјализмот — била, всушност, фатална грешка на француските социјалисти. Маркс во Манифестот на Интернационалата од септември 1870 година го предупредил францускиот пролетаријат од опасноста на неговото повлекување во националната идеја и го советувал дека треба да ја пушти буржоазијата да земе на себе одговорност за националното понижување, а тој да се бори за свое ослободување од буржоаското ропство. Потсетувајќи на тие Марксови укажувања, Ленин истакнуваше дека настаните во Франција, всушност, и се одиграле во тој правец и затоа Комуната добила белег на социјалистичка револуција.

Оценувајќи го карактерот на Комуната, Ленин во говорот истакнуваше дека, и покрај постоењето на повеќе различни социјални категории, парискиот пролетаријат покажа блескав пример за тоа како тој умее да оствари демократски задачи. Во тој контекст додаваше: „Без било какво посебно сложено законодавство, едноставно земајќи ја власта, пролетаријатот на дело спроведе демократизација на општественото уредување, ги премавна бирократите, остварил изборност на службениците од страна на народот".[20]

Паралелно со успесите, Ленин во говорот укажуваше и на фаталните грешки на Комуната. Според него, наместо да пристапи кон „експропријација на експропријаторите", таа во интерес на справедливоста се покажала големодушна кон класниот неприја-

[18]) В. И. Ленин, Соч., IV изд., т. 13, стр. 437.

[19]) Исто.

[20]) Исто, стр. 438.

тел: не ја зела банката во свои раце, не го задушила буржоаското гнездо во Версај. И покрај тоа, Комуната тој ја оценуваше како „грандиозен пример во грандиозното пролетерско движење во XIX век". Таа ги разбила патриотските илузии и наивната верба во општонационалните стремежи на буржоазијата и покажала најочигледен пример на граѓанска војна меѓу пролетаријатот и буржоазијата.

Како што се гледа, Ленин примерот на Париската комуна сè уште го користи од аспектот на непомирливоста на класната борба, од аспектот на буржоаскиот шовинизам и пролетерската солидарност, како и од аспектот на демократските задачи на револуцијата. Навистина, тој одбележуваше дека рускиот пролетаријат, ослободен од општонационалните илузии, своите класни сили ги сконцентрирал во масовните организации — советите, истакнуваше дека рускиот пролетаријат тргнал по примерот на Париската комуна и се ориентирал кон граѓанска војна против буржоазијата. Меѓутоа, карактеристичен е фактот што сè уште се отсутни споредувањата меѓу Комуната и Советите.

Во чест на 40-годишнината од Комуната, Ленин во 1911 година се појави со статијата „Во чест на Комуната". Во неа потенцираше дека Комуната, всушност, изникнала спонтано. Никој свесно и планомерно не ја подготвил, туку се јавила како спонтан израз на незадоволството на масите. Кога поради неуспешната војна, владата на Тјер го напуштила Париз и заминала за Версај, народот станал господар на ситуацијата и ја зел власта. Меѓутоа, пролетаријатот не може политички да владее ако не ги разбие оковите на своето ропство. Оттаму, Париската комуна добила белег на социјално движење токму затоа што значела обид да се разруши господството на буржоазијата. Движењето на Комуната во почетокот било доста неопределено, кон него се придружиле разни социјални слоеви, но главната улога во тоа движење според Ленин ја одиграле работниците. Претставниците на буржоаските републиканци и на ситната буржоазија набрзо ја напуштиле Комуната, едните во моментот кога се исплашиле од нејзиниот пролетерски социјалистички карактер, а другите кога виделе дека таа ќе доживее пораз. Ленин додаваше: „Единствено француските работници без страв и замореност ја подржувале својата влада, единствено тие се бореле и умирале за неа".[21]) Но, останувајќи без сојузници, непомогнати од никого, тие морале да доживеат неуспех пред здружената сила на буржоазијата. Оттука, Ленин извлекуваше и заклучок дека за успехот на социјалистичката револуција се потребни, во крајна линија, два услова: висока развиеност на производните сили и подготвеност на пролетаријатот. Статијата завршува со зборовите:

---

[21]) В. И. Ленин, Соч., IV изд., т. 17, стр. 112.

„Делото на Комуната е дело на социјалната револуција, дело на целосното политичко и економско ослободување на трудбениците, тоа е дело на пролетаријатот од целиот свет“.[22])

Искуството од Парискатa комуна најде одраз во идејно-политичките концепции на Ленин и во врска со односот на социјалдемократијата кон едно од најактуелните прашања на тоа време, — прашањето за војната и мирот. Ленин заедно со Роза Луксембург уште на Базелскиот конгрес на Втората интернационала (1912) успеа во резолуциите да се внесе поставката дека во случај на војна меѓу двата блока, задачата на социјалдемократијата е да работи на претворање на империјалистичката војна во граѓанска. Кога војната навистина отпочна и сè повеќе се ширеше, кога лидерите на Втората интернационала и поголемиот дел од социјалдемократските партии од обата блока проповедаа „класен мир“ под изговор дека „татковината е во опасност“, Ленин одлучно ја истакнуваше задачата за претворање на завојувачката војна во граѓанска, за кревање на оружјето не против сопствените браќа — наемните робови на другите земји — туку против реакцијата и буржоаската влада на сопствената земја. Во таа идејно-политичка борба против социјалдемократите — шовинисти, тој укажуваше на најочигледниот пример за претворање на завојувачката војна во граѓанска — на примерот на Парискатa комуна. При тоа истакнуваше:

„Претворањето на сегашната империјалистичка војна во граѓанска војна е единствено правилна задача на пролетаријатот, што го покажува и искуството на Комуната . . .“[23])

Во врска со прашањето за претворањето на завојувачката војна во граѓанска се поставуваше и прашањето за конкретниот однос на социјалдемократијата и пролетаријатот кон „својата“ влада, т.е. кон буржоаската влада на својата земја. Ленин истакнуваше дека револуционерната класа во реакционерната војна не може да не сака пораз на „својата“ влада. Одговарајќи на социјалшовинистите (на оние кои се залагаа за „одбрана на татковината“) и на центристите (на тие кои се залагаа за пацифистичката теза „ниту победа ниту пораз“), тој додаваше дека пожелувањето пораз на Русија не значи пожелување победа на Германија. На сите социјалдемократи што сметаа дека тоа е бесмислено и дека во војната може да победи или едната страна (Русија) или другата (Германија), Ленин со примерот на Парискатa комуна им одговараше:

„Земете го примерот на Комуната. Германија ја победи Франција а Бизмарк со Тјер ги победија работниците“.[24])

---

22) Исто, стр. 115.

23) В. И. Ленин, Соч., IV изд., точ. 21, стр. 17.

24) Исто, стр. 248.

Војната ги заостри сите противречности на капиталистичките општествени односи. Особено до израз таа заостреност дојде во Русија. Поради неуспесите на фронтовите и растројството на внатрешниот стопански живот незадоволството на широките народни маси достигна врвна точка и во февруари 1917 година во Русија изби револуцијата. Настаните во Русија Ленин во прво време ги следеше од Швајцарија. Ситуацијата во Русија ја оцени како двовластие: од една страна, привремената влада како претставник на буржоазијата, а од друга страна советите како претставници на работниците. Се изјасни против поддршката на привремената влада а за јакнење на советите како организација на пролетаријатот, како органи за претворање на буржоаско-демократската револуција во социјалистичка. Меѓутоа, кога во април 1917 година се врати во Русија и поодблиску почна да ги набљудува работите, направи значаен чекор напред во своите идејно-политички и теоретски концепции. Врз основа на искуството од Париската комуна и руската револуција од 1905 година советите ги оцени не само како масовни организации на пролетаријатот, не само како органи на револуцијата, туку и како органи на нов тип држава, на држава каква што му е потребна на пролетаријатот. Советите конечно тој ги сфати и прифати како траен облик на политичката организација на новото социјалистичко општество, како облик на диктатурата на пролетаријатот.

Лениновото сфаќање на советите како нов тип држава претставуваше всушност, сублимирање на идејно-теоретските концепции на марксизмот и револуционерната пракса на пролетаријатот. Прифаќајќи ги советите како траен облик на политичката организација на новото социјалистичко општество тој направи и значаен чекор напред во оценката на Париската комуна од 1871 година. Според него, Комуната покажала дека „... пролетаријатот мора да ги организира и вооружи **сите** сиромашни, експлоатирани слоеви на народот, како би можеле тие **сами** да ги земат во свои раце органите на државната власт, **сами** да создаваат институции на таа власт“.[25]) Оценувајќи ја новонастанатата ситуација, постави барање старите болшевички „формули“ да се напуштат. Самата революционерна пракса дала нов квалитет — советите. Советите по својата класно-политичка содржина и суштина, според него, претставувале таква власт која произлегувала и се потпирала непосредно врз масите, не власт каква што постоела во парламентарната буржоаска демократска република, туку „... власт од **оној тип** од кој била Париската комуна 1871“.[26]) Во тој контекст заклучуваше: „Не парламентарна република, — враќање кон неа од страна на социјалдемократијата

---

[25]) В. И. Ленин, Соч., IV изд., т. 23, стр. 317.

[26]) В. И. Ленин, Соч., IV изд., т. 24, стр. 19—20.

би било чекор назад, — а република на советите, на работничките, војничките и селските депутати во сета земја, од долу до горе".[27])

Меѓутоа, во советите во тоа време преовладуваа претставниците на меншевиците и есерите. Разработувајќи ја тактиката на болшевиците во врска со прераснувањето на буржоаско-демократската револуција во социјалистичка, т.е. за предавањето сета власт во рацете на советите, Ленин беше против било какво ситнобуржоаско играње со „освојување на власта". Притоа, тој пак се обраќаше до искуството од Парискаата комуна, истакнувајќи го жалниот пример на заверетничката тактика на бланкистите. Искуството на Комуната по својата суштина го оценуваше како сосема спротивно на бланкистичката тактика. Комуната претствувала директно, непосредно и безусловно владеење на мнозинството над малцинството. Според него „. . . државата — комуна" (т.е. државата организирана по типот на Парискаата комуна) не може да се „воведе веднаш" а потребно е мнозинството од депутатите во сите (или во повеќето) совети јасно да ја согледаат сета штетност на тактиката и политиката на есерите . . .".[28])

Сознанието дека советите, значат, всушност, нов тип држава, држава каква беше и Парискаата комуна, го упати Ленина кон потемелно проучување на државата како таква. Тој уште еднаш подетално ја проучи сета литература на Маркс и Енгелс за државата. Како резултат на тоа, во условите кога после јунските демонстрации од 1917 год. мораше да оди во илегалство, го напиша значајното дело „Држава и револуција". Воопштувајќи го марксистичкото теоретско наследство за државата, во него Ленин врз примерот на Парискаата комуна даде извонредна анализа на новиот тип држава — државата на пролетаријатот. Истакнувајќи дека Маркс и Енгелс врз примерот на Комуната направиле поправка на „Комунистичкиот манифест" додавајќи ја поставката дека пролетаријатот не може едноставно да ја преземе готовата државна машина и да ја стави во движење за своите сопствени цели, Ленин, всушност, ја одразуваше непосредната задача на рускиот пролетаријат за урнување на постојната буржоаска влада во Русија. На прашањето со што пролетаријатот ќе ја замени разбиената буржоаска држава, Ленин наведуваше дека и самиот Маркс во почетокот давал нејасни одговори кои се сведувале на поставката „организирање на пролетаријатот како владеечка класа". Одговорот го дала, всушност, Комуната. Таа била таква република која не само што значела замена на монархистичкиот облик на класното владеење туку надминување и на самото класно владеење. Ленин потенцираше дека разбиената државна машина Комуната ја заменила „само" со поцелосна демократија: со укинување на сталната војска, со изборност и сменливост на сите службе-

---

[28]) В. И. Ленин, Соч., IV изд. т. 24, стр. 33.
[27]) Исто, стр. 5.

ници. Меѓутоа, според него тоа „само“ значело огромен квалитетен скок: претворање на буржоаската демократија во пролетерска, претворање на државата во нешто што, всушност, не е веќе држава. Ленин истакнуваше дека на пролетаријатот му е потребна држава како орган за задушување отпорот на буржоазијата. Меѓутоа, бидејќи тука мнозинството се јавува како угнетувач на малцинството, новиот тип држава, всушност, е држава што одумира. Осврнувајќи се, притоа, на искривувањата на ревизионистите и на нивната „оценка“ дека мерките што ги презела Комуната за укинување на издатоците за репрезентација, за сменливоста и изборноста на сите службеници и за сведување на нивната плата на ниво на работниците, значеле пример на „примитивен демократизам“, Ленин истакнуваше:

„Целосната изборност, сменливост во **секое време** на сите државни службеници без исклучок, сведување на нивната плата на обична „работничка надница“, тие едноставни и „сами по себе разбирливи“ демократски мерки, кои наполно ги обединуваат интересите на работниците и мнозинството на селаните, истовремено служат како мост кој води од капитализмот кон социјализмот“.[29])

Во времето кога реформизмот земаше сѐ поголем замав во меѓународното работничко движење и кога парламентарната повеќепартиска демократија ја прогласуваше како основен вид на демократија, Ленин во „Држава и револуција“ истакна уште една заборавена поставка на марксизмот. Тој укажа на Марксовите мисли дека Комуната не била парламентарно, туку работно тело, во исто време извршно и законодавно. Во таа смисла, додаваше: „Без претставнички тела ние не можеме да ја замислиме демократијата, без парламентаризам можеме и **мораме,** ако критиката на буржоаското општество не е за нас параден збор, ако настојувањето за соборување на буржоаската власт е наше сериозно и искрено настојување, а не „изборна“ фраза за ловење на работнички гласови . . .“.[30])

Во „Држава и револуција“ Ленин го акцептираше и Марксовото гледиште за Комуната како „најпосле пронајден“ облик за политичка организација на новото социјалистичко општество и заклучуваше:

„Комуната е прв обид на пролетерската револуција да се **разбие** буржоаската државна машина и „најпосле пронајден“ политички облик кој може и мора да го **замени** разбиеното.[31])

По победата на Октомвриската револуција, во условите кога новата советска власт ги правеше првите чекори кон воведување на работничката контрола, кон национализацијата на банките и

---

29) В. И. Ленин, Соч., IV изд., т. 25, стр. 392.

30) Исто, стр. 395.

31) Исто, стр. 404.

укинувањето на привилегиите на претставниците на буржоазијата, Ленин и болшевиците беа обвинети од целокупната светска и домашна реакција и од претставниците на реформистичката социјалдемократија за „гушење на слободата и правата на човекот“. Ленин на тие напади одговараше со поставката дека социјализмот не може да „се воведе“ во општеството, туку израснува од разрешувањето на спротивностите на капиталистичките општествени односи. Меѓу старото капиталистичко и новото социјалистичко уредување, според него, лежи долг период на „породилни маки“, на кој му одговара диктатурата на пролетаријатот. Диктатурата на пролетаријатот сама по себе значи посебен систем на организирано насилство. При тоа, напоменуваше дека Париската комуна како диктатура на пролетаријатот пропаднала, покрај другото, токму поради фактот што недоволно енергично се служела со својата вооружена сила за задушување на отпорот на есплоататорите.[32])

Искуството од Париската комуна беше присутно во Лениновата политичка дејност по Октомвриската револуција и во врска со прашањето за организирање на социјалистичкото натпреварување. Борејќи се против пропагандата на домашната и светската буржоаска реакција, која социјализмот го претставуваше како голема еднолична, стереотипна, монотона сива касарна, Ленин истакнуваше дека социјализмот, всушност, значи укинување на „трудот за други“ и воведување на принципот „труд за себе“. На капиталистичката конкуренција тој ја спротивставуваше праксата на социјалистичкото натпреварување. На советите им препорачуваше да се ослободат од „стравот“ и творечки да се зафатат со градењето на новите социјалистички општествени односи. При тоа, тој ги упатуваше на користење на искуството од Париската комуна, додавајќи:

„Париската комуна покажа голем пример на комбинирање на иницијативата, самостојноста, слободата на движењето, замав на енергијата одоздола и доброволен централизам на кому му е туѓ било каков шаблон“.[33])

Ленин, честопати правеше споредби на новата советска власт со Париската комуна. Така, во извештајот за работата на Народните комесари од јануари 1918 год., правејќи рекапитулација на успесите што ги постигнала новата советска власт, укажу-

---

[32]) В. И. Ленин, IV изд., т. 26, стр. 362.
[33]) Исто, стр. 374.

ваше дека за разлика од Парискатa комуна, чија смисла не била сфатена од огромното мнозинство на селанството, новата советска власт се изградила врз цврстото единство на интересите на работниците и сиромашното селанство. Создавањето на Црвената армија го оцени како остварување на започнатото дело на Комуната за општонародно вооружување. Бранејќи ги мерките што ги преземаше советската власт, потсетуваше дека Комуната навистина можела да се гордее со фактот што во нејзините редови немало насилство, но кога во потребниот момент доволно не ја користела вооружената сила таа била поразена.

На искуството од Парискатa комуна Ленин укажуваше и во врска со напорите за практичната изградба и советите како нов тип држава. Тој беше свесен дека советскиот систем сè уште не беше доизграден. Во практичните настојувања за неговиот развој, како и во напорите за ревизија на програмата на Партијата, тој укажуваше дека сознателноста треба да одигра значајна улога. При тоа додаваше дека Парискатa комуна навистина била нов тип држава, меѓутоа таа како таква не била сфатена од самите нејзини творци. Ниедна фракција на француските социјалисти не била свесна за таквиот карактер на Комуната. Таа била создадена со генијалното чуло на трудбеничките маси. Ленин подвлекуваше дека болшевиците, имајќи го предвид искуството на Парискатa комуна, точно знаат што прават кога создаваат нов тип држава.

Искуството на Парискатa комуна стана актуелно за младата советска држава и по прашањето за потребата од искористувањето на буржоаските стручњаци во обновата и изградбата на разореното стопанство. Во недостиг на кадри, советската власт беше упатена да го користи искуството на оној дел од буржоаската интелигенција кој остана коректен кон новата власт. Ленин сфаќаше дека без врвни стручњаци во областа на науката, техниката и културата преминот кон социјализам е невозможен и истакнуваше дека советската власт мора да прави чекор назад од прокламираниот принцип на Парискатa комуна за „работничка надница" на сите службеници. Упатувајќи кон посебно наградување на стручниот труд тој истакнуваше: „Криењето од масите дека привлекувањето на буржоаските стручњаци по пат на многу високи заработувачки значи отстапување од принципите на Комуната би значело спуштање на нивото на буржоаските политиканти и ла-

жење на масите".[34]) Ленин инсистираше да се објасни на масите дека тој чекор назад е неопходна потреба.

Париската комуна како облик на диктатурата на пролетаријатот претставуваше еден од значајните пунктови и во полемиката на Ленин со Кауцки. Во почетокот на 1918 година Кауцки ја објави својата книга „Диктатурата на пролетаријатот". Во неа се обиде да даде поширока теоретска анализа на прашањата за диктатурата и демократијата. Всушност, неговата книга претставуваше груб напад на Лениновите концепции и на праксата на претворањето на советите во „државна организација". Воспоставувањето на новиот тип на советска држава во Русија Кауцки го оцени како грубо нарушување на демократијата, како отстапување од праксата и суштината на Париската комуна. Покрај другото, тој истакнуваше и тоа дека Париската комуна не го ограничила никому правото на глас, извлекувајќи од тоа заклучок дека таа претставувала демократски облик на диктатурата на пролетаријатот. Наспроти Комуната, според Кауцки. советите значат ограничување на демократските права, диктатура во буквалната смисла на зборот.

Ленин на тие напади одговараше со марксистичка продлабоченост и сфаќање на суштината на класно-политичкиот карактер на Комуната. Истакнуваше дека демократијата е класно условена и дека инсистирањето на „чиста демократија", всушност, значи израз на опортунистичката пракса за соработка со буржоазијата. Го признаваше фактот дека навистина Комуната била избрана врз основа на општо право на глас, меѓутоа истакнуваше дека изборите биле извршени во услови кога цветот и штабот на француската буржоазија беше веќе избегал од Париз во Версај. Потсетувајќи го Кауцки на тоа, заклучуваше: „Зар не е смешно да се претставува како „чиста демократија" со „општо право на глас" поделбата на населението на Париз на два војувачки табори, од кои едниот ја имаше сконцентрирано сета борбена, политички активна буржоазија?".[35])

Од изложеното може да се види дека искуството од Париската комуна беше присутно во сите етапи од богатата револуционерна дејност на В. И. Ленин. Барајќи одговор на прашањата што ги наметнуваше самата револуционерна пракса на руският пролетаријат, Ленин беше упатен кон користењето на богатото

---

[34]) В. И. Ленин, Соч., т. 27, стр. 220.
[35]) В. И. Ленин, Соч., IV изд. т. 28, стр. 213.

искуство на Комуната. Како се развиваше самата револуционерна пракса така, всушност, се зголемуваше и прошируваше неговиот интерес за Париската комуна. Анализата на Париската комуна, како сублимирано сознание на неговите идејно-теоретски и политички концепции, највисок домен достигна во онаа етапа од руското работничко движење кога после Февруарската револуција од 1917 година самата револуционерна пракса го наметна прашањето за непосредно преземање на власта од страна на пролетаријатот и прашањето за конкретните облици на организацијата на новата власт.